*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на<br>Општината Штип<br>Излегува по потреба | Број 14<br>25 ноември 2005 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLII |


233.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОЦИТЕ ДОНЕСЕНИ НА ВОНРЕДНАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП БРОЈ 0701-2308/1 ОД 25 НОЕМВРИ 2005 ГОДИНА

I

Се објавуваат Заклучоците донесени на вонредната седница на Советот на Општината Штип број 0701-2308/1 од 25 ноември 2005.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-2308/2
25 ноември 2005 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

234.

Во врска со член 23 и 24, а врз основа на член 46 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип, број 1/03), Советот на Општината Штип, на вонредната седница одржана на 25 ноември 2005 година, донесе

# З А К Л У Ч О Ц И

1. Градоначалникот и Советот на Општината Штип даваат безрезервна поддршка на барањата на работниците со над 25 години работен стаж, а со нерешен статус, за решавањето на нивната социјална положба.
2. Се формира координативно тело составено од:
    - тројца претставници од координативното тело на штрајкувачите;
    - градоначалникот на општината Штип
    - претседателот на Советот
    - тројца членови од Советот
    - тројцата пратеници во Собранието на РМ од Општината Штип.
3. Координативнорто тело од точка 2 најдоцна до среда (30.11.2005 годна) да оствари средба со Премиерот на РМ и надлежните министерства на која ќе се заложи за разрешување на овој проблем.

Број 0701-2308/1
25 ноември 2005 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 233. | Решение за објавување на Заклучоците донесени на вонредната седница на Советот на Општината Штип број 0701-2308/1 од 25 ноември 2005 | 329/14 |
| 234. | Заклучоци донесени на вонредната седница на Советот на Општината Штип број 0701-2308/1 од 25 ноември 2005 | 330/14 |